**УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ: ИНФОРМАЦИИ ЗА КОРИСНИКОТ**
**ИЗОПРИНОЗИН ® 500 mg, таблети**
инозин ацедобен димепранол

**Прочитајте го упатството внимателно пред да започнете со употреба на овој лек.**

- Чувајте го ова упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате било какви дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.
- Овој лек Ви е препишан Вам. Не го давајте на други лица. Тоа може да им наштети ним, дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.
- Ако било кој од несаканите ефекти стане сериозен,ако забележите било какви несакани ефекти кои не се наведени во упатството, Ве молиме известете го Вашиот доктор или фармацевт.

Името на лекот е Изопринозин таблети, кое ќе се вика Изопринозин или Изопринозин таблети во текот на ова упатство.

**Во ова упатство:**

1. Што е Изопринозин и за што се употребува
2. Што треба да знаете пред да употребите Изопринозин
3. Како да се употребува Изопринозин
4. Можни несакани дејства
5. Како да се чува Изопринозин
6. Дополнителни информации

## 1. ШТО Е ИЗОПРИНОЗИН И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Изопринозин содржи активна состојка инозин ацедобен димепранол, кој се користи за лекување на одредени вирусни инфекции. Се смета дека функционира по принципот на стимулирање на имунолошкиот систем во борбата со вирусот. Истиот има анти-вирусен ефект.
Вашиот лекар го препишал Изопринозин за да го стимулира вашиот имунолошки систем да се бори против вирусни инфекции како што се:

- вирусни респираторни инфекции
- повторувачки генитален херпес
- повторувачки херпес симплекс на усните
- херпес зостер
- варичела(мали сипаници)
- морбили
- заушки
- вирусен хепатитис
- генитални брадавици и други инфекции предизвикани од хуман папилома вирус (ХПВ инфекции)

- другу вирусни инфекции, како што е инфективна мононуклеоза (инфекција предизвикана од вирусот на Епштајн - Бар), инфекција предизвикана од цитомегаловирус
- субакутен склеротичен паненцефалит.

## 2. ПРЕД ДА СЕ УПОТРЕБИ ИЗОПРИНОЗИНОТ

**Не земајте Изопринозин, ако:**

- сте алергични (хиперсензитивни) на инозин ацедобен димепранол или било која од другите состојки на Изопринозин таблетите (види листа на помошни состојки во Оддел 6). Алергиска реакција може да вклучува исип, чешање, тешкотии во дишењето или отекување на лицето, усните, грлото и јазикот.
- сте болни од гихт
- ви било кажано дека имате зголемено ниво на мочна киселина.

**Бидете посебно внимателни со Изопринозин:**
- Имате историја на гихт или зголемено ниво на мочна киселина.
- Имате историја на камења во бубрезите или мочниот меур.
- Имате бубрежна дисфункција (ќе треба да се спроведе темелен мониторинг).
- Ако сте на долготраен третман со лекот, ќе треба да се спроведе редовно тестирање на крвта и проверка на функционлноста на бубрезите и црниот дроб. Кај пациенти кои примаат долготрајна терапија, камен во бубрезите и камен во жолчката се возможна појава.
- Ако забележите знаци на алергиска реакција, како што се осип, чешање, тешкотии во дишењето или отекување на лицето, усните, грлото и јазикот. Во таков случај треба да се запре третманот веднаш и треба да се посети на вашиот лекар.

**Употреба на други лекови**
Ве молиме известете го Вашиот доктор или фармацевт, ако земате, или неодамна сте земале, некој друг лек, вклучувајќи и лекови добиени без рецепт. Особено кажете му на вашиот лекар ако ги земате следниве лекови, кои што може да реагираат со Изопринозин.
- алопуринол или други лекови за гихт
- диуретици (таблети за мокрење)
- имуносупресиви (лекови кои го потиснуваат имунолошкиот систем, на пример користење на имуносупресиви по трансплантација на органи)
- AZT - азидотимидин (лек за третмани на СИДА)

**Бременост и доење**
Прашајте го докторот за совет пред да земете било каков лек. Не земајте Изопринозин ако сте бремени или доите, освен ако вашиот лекар ви советува да го сторите истото.

**Возење и работа со машини**
Изопринозинот е многу малку веројатно да влијае врз Вашата способност за возење или ракување со машини.

**Важни информации за некои од помошните состојки на Изопринозинот.**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ

Изопринозин содржи манитол, кој може да има лаксантивно дејство.Тие исто така содржат пченичен скроб, кој може но не мора да предизвика проблеми кај лица со целијачна болест. Пациентите со пченична алергија (различна од целијачна болест) не треба да го земаат овој лек.

**3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА ИЗОПРИНОЗИН**

Секогаш земајте ИЗОПРИНОЗИН таблети токму онака како што вашиот лекар ви кажал. Треба да се консултирате со вашиот лекар ако не сте сигурни.
Изопринозин се користи исклучиво за орална употреба. Таблетата се голта со поголемо коичество на течност.
Ако постојат потешкотии да се проголта целата таблета, во секој момент може да се прекрши или да се раствори во помала количина од течност.

Возрасни и постари лица:
Препорачана дневна доза е 50mg/kg - 100mg/kg (телесна тежина) дадена орално во 3-4 еднакво поделени дози во текот на денот. Вообичаено е 3g /дневно (2 таблети 3 пати на ден) максимум до 4 g (2 таблети 4 пати на ден).

Деца на возраст над 1 година:
Вообичаената доза е 50 mg / kg телесна тежина дневно (1 таблета на 10 kg).
Дневна доза од 4 грама не треба да биде надмината.

Вашиот доктор ќе одлучи за дозата која Ви е потребна, зависно од вашата телесна тежина и состојбата и ќе Ве посоветува за тоа колку долго да се земаат вашите лекови. Важно е таблетите да се земаат за време на целата должина на пропишаниот третман, дури и ако симптомите исчезнат пред да се прекине со земање на таблетите.

**Ако земете поголема количина Изопринозин таблети отколку што треба.**
Нема пријавено досега случаи на предозирање. Ако сте земале повеќе таблети отколку што е потребно, контактирајте го вашиот лекар.

**Ако сте заборавиле да ја земете препишаната доза на Изопринозин.**
Ако пропуштите во точно одреденото време терапевтска доза, земете ја веднаш штом се сетите, освен ако не наближува времето за следната доза. Не земајте двојна доза за да ја надоместите заборавената доза.

**Ако го прекинете лекувањето со Изопринозин.**
Ако го прекинете лекувањето, саканиот ефект не може да се постигне или несаканите симптоми може повторно се појават. Консултирајте се со вашиот лекар пред запирање со терапијата.

Ако имате дополнителни прашања за употребата на овој лек обратете се кај Вашиот лекар.

**4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

Како и сите лекови, Изопринозинот може да предизвика несакани дејства, иако не секој ги добива.

Несакани ефекти опишани подолу се искусени од страна на луѓе кои го земале Изопринозинот, и тие се означени како многу честа појава, честа појава или невообичаена појава.

Сите лекови можат да предизвикаат алергиски реакции, иако сериозни алергиски реакции се многу ретки.
Кажете му на вашиот лекар веднаш, ако добиете:

- секое ненадејно губење на здив,
- тешкотии во дишењето,
- оток на очните капаци, лицето или усните,
- осип или јадеж (особено кога се појавува на целото тело).

**Следниве несакани дејствија се пријавени:**

Многу чести (> 10%, искусени од страна на повеќе од 1 од 10 луѓе).
Привремено покачено ниво на мочната киселина во крвтта и урината.

Чести (> 1 - <10%, искусено помеѓу 1 во 10 и 1 од 100 лица):
Покачување на хепаталните ензими, зголемено присуство на уреа во крвтта (отпадни продукти во крвтта се зголемени), кожен исип, чешање, болки во зглобовите, повраќање, лошење (гадење), стомачна болка, замор (умор) или слабост (малаксаност), главоболка, чувство на вртење (вртоглавица).

Невообичаени несакани дејства (> 0,1 - <1%, искусени од страна на помеѓу 1 во 100 и 1 во 1000 луѓе):
Дијареа, констипација, поспаност (сомноленција), не способност за заспивање (несоница), нервоза, зголемен уринарен волумен (полиурија).

Непозната фреквентност на несакани дејствија:

Абдоминална болка, отекување на лицето, усните, очните капаци или грлото (ангиоедем), уртикарија, алергиска реакција, на целото тело алергиска реакција (анафилактична реакција), нарушување на стабилноста (вртоглавица), црвенило на кожата (еритема)

Ако било какви несакани ефекти станат сериозни или ако забележите било какви несакани дејствија кои не се наведени во ова упатство, Ве молиме известете го Вашиот доктор или фармацевт.

## 5. КАКО ДА СЕ ЧУВА ИЗОПРИНОЗИН ТАБЛЕТИ

Да се чува на места недостапни за деца!

Да се чува на температура до 25 ° C во оригиналната опаковка.

Не користете го лекот по истекот на рокот означен на пакувањето. Истекот на рокот се однесува на последниот ден од тој месец.

Лековите не треба да се отстрануваат преку отпадните води или домашен отпад. Вашиот лекар или фармацевт ќе ги отстрани лековите кои повеќе не се за употреба. Овие мерки ќе помогнат да се заштити животната средина.

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи Изопринозин:**

Активната супстанција е инозин ацедобен димепранол. Секоја таблета содржи 500 mg инозин ацедобен димепранол.
Останатите состојки се: манитол, пченичен скроб, повидон, магнезиум стеарат.

**Како Изопринозин изгледа и каква е содржина на пакувањето**
Изопринозинот е бела до белезникава, со правоаголна форма, без мирис или со слаб мирис на аминат, таблета со разделна линија на едната страна. Разделната линија е само за да се олесни кршењето на таблетата за олеснување на голтање, а не за да се подели на еднакви дози.

Isoprinosine е достапен во алуминиумски блистери спакувани во картонска кутија со 30, 50 или 100 таблети и упатство за пациентот.

Не сите пакувани големини може да се продаваат.

**Носител на одобрението за промет**
Евофарма АГ, Претставништво Скопје
Ул. „Антон Попов“ 1/2-3
Скопје, Македонија
Тел: 02/511 35 99; e-mail: info@ewopharma.mk

**Производител**
Лусомедикамента – Социедаде Техника Фармацеутика, ДОО
Куелуз де Баиксо
Баркарена
Португалија

**Ова упатство последен пат е одобрено** 04.2019 год.

**Број на одобрение за ставање на лекот во промет:**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ